Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

# Застапувачко-нормативен документ за младинска вработливост

## Вовед

Младинската вработливост има огромно влијание врз психо-социјалниот развој на младите но и на нивното вклучување и позиционирање во општеството. Меѓутоа, пандемијата значително влијаеше на можностите за младите во оваа област, ја трансформираше поставеноста на пазарот на трудот, ги измени потребните вештини за вработување и го смени начинот на работа. Затоа е потребно прилагодување на националните политики и националните стратешки рамки кои се фокусирани на зголемување на младинската вработливост и унапредување на економската независност и стабилност на младите лица.

Национален контекст

Република Северна Македонија се соочува со една од најголемите стапки на младинска невработеност во регионот. Во првиот квартал на 2021 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија се пријавени 156.608 невработени лица. Во споредба со првиот квартал од 2020 година ова претставува зголемување за 51.876 (23,9% од овие лица се млади до 29 години)[1]. Оваа стапка е висока најмногу како последица на ниската вработеност на младите лица која е 2,5 пати пониска од просекот во земјата. Податоците на Националната стратегија за вработување[2] ни покажуваат дека само 15% од вработените се млади лица на возраст од 15 до 24 години. Свесни за овој проблем, институциите креираат различни политики и стратегии кои се фокусираат на поддршка на младите лица при вклучувањето на пазарот на труд:

**- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност[3]**
Во овој закон се уредува позицијата на Агенцијата за кон невработените лица како и дел

од активностите кои се преземаат за нивно вклучување на пазарот на труд: советување на работодавачите за вработување на невработени лица со поволни услови, професионална ориентација на невработени лица и лица што бараат работа, посредување за вработување,

[1] https://av.gov.mk/godishni-izveshtai.nspx
[2] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Nacionalna%20Strategija%20za%20Vrabotuvane%20na%20Repu blika%20Makedonija%20za%20Vlada%2016102015.pdf
[3] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/trud_2017/pravilnici/16,11-%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%9E%D1%81%D0%B8%D0%B3%D1%83%D1%80%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%9D%D0%B5%D0%B2%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82. pdf

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

начин на водење на евиденција на работодавачи и невработени лица, мерки и механизми за осигурување во случај на невработеност како и остварување на правата од овие мерки.

**- Национална стратегија за вработување 2021-2027**[4]

Еден од приоритетите на Владата на Република Северна Македонија е да осигури дека постојат можности за пристојно вработување за сите мажи и жени во Република Северна Македонија, а тоа е дури уште повеќе изразено во турбулентниот период на пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Целта на Националната стратегија за вработување (НСВ) е да се справи со краткорочните последици на пандемијата од КОВИД-19 врз пазарот на трудот, како и со структурните предизвици што влијаат врз растот на вработеноста.

**- Оперативен план за вработување и Гаранција за млади како мерка**[5]

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија неодамна го објави Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година. Со овој план се утврдуваат програмите, мерките и услугите за вработување кои ќе обезбедат создавање на нови работни места, поддршка за креирање нови работни места и зголемување на вработливоста на невработените лица, посебно на младите, долгорочно невработените и корисници на право на парична помош од социјална заштита, како и поддршка на невработените лица на кои престанокот од работен однос е регистриран во периодот на кризата предизвикана поради Корона виурсот (од 11.03.2020 година). Статистиките покажуваат дека една од најпогодените категории од ковид пандемијата беа младите. Токму затоа, со Оперативниот план за 2022 година посебен акцент се става на младите невработени лица до 29 години. Мерката Гаранција за млади им овозможува на младите лица до 29-годишна возраст, кои не се вработени, ниту се вклучени во образование или обука (NEET), да добијат соодветна понуда за работа, да го продолжат своето образование или да бидат вклучени во некоја од активните програми и мерки за вработување, во период од 4 месеци по евидентирањето како невработени лица во Агенција за вработување.

[4]https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/NSV%202021-2027%20i%20NPV2021-2023.pdf
[5]https://av.gov.mk/content/pdf/FINALEN%20OP%202022.pdf

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

### - Акциски план за вработување на млади лица 2016-2020[6]

Акцискиот план, кој се спроведуваше до 2020 година беше фокусиран на областите што се клучни за унапредување на вработеноста кај младите односно подобрување на усогласеноста на понудата на вештини со барањата на пазарот на трудот, промовирање на отворањето работни места предводено од приватниот сектор, олеснување на преминот на младите лица во светот на работата. Акцискиот план беше ревидиран еднаш, а во моментов не е креиран нов акциски план за тековните години.

### -План за спроведување на Гаранција за млади 2020-2022 [7]

Во периодот од 2020 до 2022 година Гаранцијата за млади ќе се спроведува во целата земја и ќе биде насочена кон сите млади лица од возрасната група од 15 до 29 години што законски престојуваат во Северна Македонија и не се вработени и не се вклучени во образование или обука. Приемот во Гаранцијата за млади ќе биде можен преку регистрирање во еден од локалните центри за вработување на Агенцијата за вработување. NEET младите што ќе бидат идентификувани преку теренските активности ќе добијат можност претходно да се регистрираат на интернет преку наменска веб страница што ќе биде ставена на располагање на младите теренски работници. Веќе е започнато програмирање за Гаранцијата за млади за следните години.

**Препораки**

Имајќи ја на ум брзата трансформација на пазарот на трудот и дигитализацијата на општеството, менувањето на процесот на регрутација и вработување на кадар во компаниите како и ефектите од досегашните мерки и стратегии, препораки кои ќе им помогнат на младите во процесот на зголемување на нивната вработливост се:

- Дигитализација на АВРСМ, со фокус на електронско пријавување за невработени лица

- Креирање на нов Акциски план за вработување на млади за 2022-2025, по спроведена евалуација на ефектите и резултатите од минатиот акциски план за вработување на млади

- Унапредување на Гаранцијата за млади преку додавање на нови мерки кои ќе соодветствуваат на потребите на младите и пазарот на трудот

- Обезбедување на поголем фонд за иновативни мерки за вработување на млади кои ќе бидат дел од оперативните планови за вработување

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

[6]https://www.mtsp.gov.mk/content/word/dokumenti/2016_Akciski%20plan%20za%20vrabotuvanje%2 0mladi%202016-2020%20godina_MK%20pv%20-%20Copy.docx
[7]https://www.mtsp.gov.mk/content/MKD%20YG%20%20implementation%20plan%202020-2022%20 za%20na%20Vlada%20na%20RSM.doc

- Воспоставување на програми за практикантство, job shadowing, волонтерство и други иновативни начини за поврзување на младите и работодавците, притоа олеснувајќи ги административните процедури за апликација за овие програми за сите страни

- Координација помеѓу одговорните образовни институции и институциите фокусирани на социјална политики и вработување со цел прилагодување на образовните програми за да се намали хиперпродукција на одредени профили на кадар а да се одговори на побарувачката и потребите.

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

Изработено од:

**Здружение на граѓани Младите можат**

**Национален младински совет на Македонија**